МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
— ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА
СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

# ТАКОВ АРХИЈЕРЕЈ НИ ТРЕБАШЕ

Скопје 2024

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
— ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

СВЕТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД

# ТАКОВ АРХИЈЕРЕЈ НИ ТРЕБАШЕ

Скопје 2024

Издава:
СВЕТИОТ АРХИЈЕРЕЈСКИ СИНОД
НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
– ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА

Главен и одговорен уредник:
Архиепископ Охридски и Македонски
г. г. Стефан

Лектура:
Ѕвонко Трпевски

Портрет на корица:
Ставре Димитров-Стадим

Дизајн на корица и графичко обликување:
Александар Павловски

Печати:
Бранко Гапо, Скопје

Тираж:
500 примероци

СИТЕ ПРАВА СЕ ЗАДРЖАНИ. НИТУ ЕДЕН ДЕЛ ОД ОВА ИЗДАНИЕ НЕ СМЕЕ ДА БИДЕ ПРЕПЕЧАТУВАН, КОПИРАН ИЛИ ОБЈАВУВАН ВО КОЈА И ДА БИЛО ФОРМА ИЛИ НА КОЈ И ДА БИЛО НАЧИН ВО ЕЛЕКТРОНСКИТЕ И ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ, БЕЗ ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ОД ИЗДАВАЧОТ И АВТОРИТЕ.

# ТАКОВ АРХИЈЕРЕЈ НИ ТРЕБАШЕ

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ**
ВО ЧЕСТ НА АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ
ДОСИТЕЈ

# СОДРЖИНА

**НЕЗАБОРАВНИ СЕЌАВАЊА** ........ 13
АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ **СТЕФАН**

**ОД БОГОСЛОВОТ ДИМИТАР – ДО СИНГЕЛОТ ДОСИТЕЈ** ........ 21
ЃАКОН ПРОФ. Д-Р **ДЕЈАН БОРИСОВ**

**АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ – ПРЕЧИСТАНСКИ И СВЕТОГОРСКИ МОНАХ** ........ 33
ЕПИСКОП ХЕРАКЛЕЈСКИ **КЛИМЕНТ**

**АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ И МАКЕДОНСКАТА ЦРКОВНА ДИЈАСПОРА** ........ 73
МИТРОПОЛИТ ДЕБАРСКО-КИЧЕВСКИ И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКО-СИДНЕЈСКИ **ТИМОТЕЈ**

**БОГОСЛОВИЕТО ВО ДЕЛАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ** ........ 113
МИТРОПОЛИТ ПРЕСПАНСКО-ПЕЛАГОНИСКИ И АДМИНИСТРАТОР АВСТРАЛИСКО-НОВОЗЕЛАНДСКИ **ПЕТАР**

**ПРОПОВЕДНИЧКОТО НАСЛЕДСТВО НА АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ** ........ 133
ПРОФ. Д-Р **КИРЧЕ ТРАЈАНОВ**

**ВОЗОБНОВИТЕЛОТ НА ДУХОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА** ........ 165
ПРОФ. Д-Р **АНЕТА ЈОВКОВСКА**

**МОИТЕ НАЈГОЛЕМИ РАДОСТИ** ........ 181
ЕПИСКОП ВЕЛИЧКИ **НИКОЛА**

**ДОНОСИТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ЦРКОВНО ВОСКРЕСЕНИЕ** ........ 201
ДИРЕКТОР НА КОВЗРГ, **ДАРИЈАН СОТИРОВСКИ**

**СВЕТА ПРЕЧИСТА КИЧЕВСКА** ........ 221
Д-Р **САШО ЦВЕТКОВСКИ**



Архиепископот Доситеј и владиката Кирил за време на одбележувањето на патрониот празник Свети Климент Охридски

проф. д-р **Анета Јовковска**
ПБФ „Св. Климент Охридски“ – Скопје

# АРХИЕПИСКОПОТ ДОСИТЕЈ – ВОЗОБНОВИТЕЛ НА ДУХОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА

*Айсйракй:* Архиепископот Доситеј е еден од значајните столбови на Македонска Православна Црква. Тој на архијерејскиот трон на свети Климент Охридски бил востоличен во октомври 1958 година и за време на своето 23-годишно архиепископствување, бил главен иницијатор за возобновување на духовното образование и воспитание, а во своите проповеди посветил особено внимание за духовното просветлување на целиот верен македонски народ.

Неспорно е дека напорно се трудел и одговорно работел за отворање на Богословско училиште, а подоцна и Православен богословски факултет, како главни образовни институции на Македонската Православна Црква и како духовни расадници, достојни да го продолжат црковно-просветното дело на свети Климент Охридски. Неговите залагања вродиле со плод, така што и денес богословските образовни институции при Македонската Православна Црква продолжуваат да работат на проширување на својот опсег, останувајќи доследни на реалните научни и практични потреби на нашата Света Црква.

Архиепископот Доситеј својот живот го поминал во средината на верниците и свештенството. Поднесувајќи скапоцени жртви, целосно се ставил во служба пред олтарот на Македонската Православна Црква и пред татковината, имајќи пред себе една возвишена цел: духовно будење и просветлување на македонскиот народ. Копнеел по подвигот да појде по патот на светите браќа Кирил и Методиј и на охридските просветители и учители светите Климент и Наум, и жеднеел да стане еден од продолжителите на нивното дело[1].

Тој многу добро го разбирал односот меѓу црковниот живот и духовното образование. Затоа, веднаш по прогласувањето на автокефалноста на Македонската Православна Црква, свесен дека одржувањето на оригиналноста и на духовната автономија не е возможна без обновување на духовно-просветната дејност, се заложил за отворање на духовно-образовни институции при Македонската Православна Црква. Сметал дека духовното образование има најдиректна врска со светото, до длабочината на постоењето на Црквата, и дека ова е една од најважните црковни задачи. Тоа не е споредна работа. Духовното образование е во самата срж на црковниот живот. Го пренесува Преданието, а самото пренесување на Светото Предание на Црквата зависи од нивото на богословското образование на учителите и пастирите на Црквата.

Ова покажува дека образованието е важен приоритет на Црквата. Со решавањето на проблемите во оваа област, се поврзува унапредувањето на пастирската работа, а пред сè, промените во свеста на нашите млади генерации кои имаат потреба од духовно просветлување. Со обновувањето на Црквата, важно е да се потенцира феноменот во кој самиот Христос, со силата на Светиот Дух (невидливо), во синергија со верните – чедата на Црквата (видливо), ја прочистува црковната практика од слоевите кои со текот на времето се напластиле и се од привремен карактер. Тоа се случува преку духовно просветлување, богослужење, организација на парохискиот живот и административно управување. На тој начин Црквата се враќа на нормативите на Евангелието и Преданието, што е живот и дејство на Светиот Дух во неа. Како што светиот апостол Павле ги поттикнувал христијаните од првиот век: *Не іаснеїе Го Духоїі!* (1 Сол 5, 19), така постојано се молиме за време на Литургијата: „Господи, Кој во третиот час си Го испратил Твојот Пресвет Дух на Твоите апостоли, Него, Благи, не одземај Го од нас, но обнови нè нас кои Ти се молиме“. Обновата, несомнено, мора да биде креативна по природа, бидејќи како извор Го има самиот Создател. Оваа вистина го најде својот израз во идејата за возобновување на духовно-просветната дејност во штотуку обновената Македонска Православна Црква.

Новото време поставило нови барања. Постоела итна потреба да се обучат специјализирани црковни служители кои ќе ја следат наставата на свој мајчин јазик и во духот на Светиклиментовата просветителска традиција. Така, Македонската православна богословија се основала како прво духовно училиште на современата Македонска Православна Црква за таква намена.

Историски гледано, организирањето на црковниот живот и особено на духовното образование во Македонија, се совпаѓа со прогласувањето на автокефалноста на Македонската Православна Црква. Имено, одлуките на Црковно-народните собори (одржани: Првиот во Скопје, во 1945 година, Вториот, во 1958 година, и Третиот, во 1967 година, во Охрид), покрај тоа што го означиле патот за возобновување на Охридската Архиепископија, како Црква на македонски-

[1] Според прота Методи Гогов, „Животниот пат на Поглаварот на нашата Црква“, *Весник*, Службен лист на Македонската Православна Црква, бр. 6, 1971, 203–206.

од народ, по примерот на другите Православни Цркви, придонеле за основање на богословско училиште каде ќе се образуваат кадри за потребите на Македонската Православна Црква. Заклучокот од Третиот Црковно-народен собор генерално дава вистинска идеја за ставовите и плановите на Архиепископот Доситеј во однос на духовната просвета.

И покрај тоа што имало сериозен недостиг на ресурси – финансиски, кадровски и методолошки – упорноста на Архиепископот Доситеј го охрабрила Светиот синод на Македонската Православна Црква да го разгледа прашањето за отворање на Богословско училиште и да донесе Одлука за основање на Македонската православна богословија. По кусо, но децидно и поединечно излагање од сите членови на Светиот синод, едногласно се донела Одлуката за отворање на Средно богословско училиште во самостојната автокефална Македонска Православна Црква. На седницата се поставило прашањето за третманот кон учениците коишто биле на школување во богословиите на Српската Православна Црква. Претседателот на Светиот синод – Архиепископот Доситеј, повикувајќи ги членовите на Синодот за одговорност кон продолжување на црковно-просветното дело на свети Климент Охридски и на неговиот Универзитет, предложил македонските ученици од сите богословии на Српската Православна Црква да се повлечат и школувањето да го продолжат во Македонската православна богословија. Предлогот бил едногласно усвоен[2].

Архиепископот Доситеј лично поднел иницијатива за враќање на македонските богослови, кои учеле во богосло-

[2] Според протојереј-ставрофор Стојан Јанковски, „Отворање на Македонската православна богословија 'Св. Климент Охридски' во Скопје, *Монографија 50 години Македонска православна богословија „Св. Климент Охридски“: (1967 – 2017)*, уредник Митрополит Повардарски г. Агатангел, Скопје: Матица македонска, 2017, 55.



виите на Српската Православна Црква, за во Македонската православна богословија да го продолжат нивното образование. Ова наишло на големо воодушевување кај богословите, бидејќи добиле прилика да се образуваат во македонска образовна институција и на мајчин јазик. Тие сите се вратиле во Македонија за да го продолжат своето духовно образование. Така, своето школување во Македонската православна богословија, во првата учебна година, биле подготвени да го започнат или да го продолжат вкупно 68 ученици.

Кога пристигнале во Македонија, македонските богослови кои дотогаш учеле во српските богословски училишта, ги пречекал лично Архиепископот, заедно со црковна делегација. Во таа прилика, поздравувајќи ги богословите како свои духовни чеда и со посебна радост и духовно задоволство, Архиепископот Доситеј им порачал на учениците: „Божја промисла била, токму вие да го продолжите, односно возобновите започнатото дело на нашиот патрон свети Климент Охридски. По заораната бразда од него, вие и генерациите кои ќе доаѓаат по вас да ја орате македонската нива Господова. Да го сеете евангелското семе постојано, сѐ додека светот светува и векот векува. Од утре,... вие, и тие што ќе доаѓаат по вас, ќе продолжите да го чувате и сочувате највредното, а тоа е нашата прадедовска православна вера, бидејќи ќе проповедате на свој мајчин јазик, на јазикот што ни го создадоа и оставија нашите од Бога благословени и од луѓето славословени – рамноапостолните браќа светите Кирил и Методиј и нивните свети ученици Климент и Наум, охридските чудотворци, а подоцна и многубројни Архипастири на Охридската архиепископија. Затоа велам, вие, мили мои богослови, и вашите следбеници, откако ќе се наполните со богословските знаења и познавање на вистинската православна наука, ќе излетате од богословската кошница и

како вредни пчели ќе летате до секое македонско православно семејство не само во Република Македонија, туку насекаде во светот каде што живеат и творат нашите Македонци, и ќе ги поучувате и утврдите со слатка медоносна евангелска храна...“[3]

Понатаму, поставил и дополнителни барања до првите богослови: „Возљубени мои богослови, станувате сол меѓу нашиот православен народ, и немојте да дозволите солта да ја загуби својата сила. Напротив, умножувајте ја и преумножувајте. Чувајте го богословското достоинство, та да не може никој да ја презира вашата младост, туку на верниците да им служите како пример во словото, животот, љубовта, духот, верата и чистотата. Правете дела достојни на евангелист. Секогаш да сте гостољубиви, доброљубиви, трезвени, справедливи, воздржливи. Да бидете силни и да поучувате во здравото учење“[4].

Македонската православна богословија својата настава ја започнала есента на 31 октомври 1967 година, во манастирот „Св. Илија – Горни“ – с. Бањани, Скопско, со свечено отворање и призив на Светиот Дух, благословен од страна на Архиепископот Доситеј за успешно совладување на светата христијанска наука, за да станат достојни идни служители на Македонската Православна Црква, како свештенослужители и проповедници на Христовото учење.[5]

Главниот правец – духот на Богословијата, според Архиепископот Доситеј требало да биде продолжување на славните традиции на древната Охридска Архиепископија и на Светиклиментовата духовна академија во нови услови на национална слобода и сестран културен подем на македонскиот народ.

---

[3] *Истото*, 59.

[4] *Истото*, 60.

[5] Види: „Свечено отворена првата Македонска православна богословија 'Св. Климент Охридски' во Скопје“, *Весник*, Службен лист на Македонската Православна Црква, бр. 5, 1967, 192–194.



Понатаму, биле посочени и главните задачи на развојот на духовното образование, како и начините за нивно решавање за целосно пренесување на Светото Предание во единството на наставата, образованието, научната и теолошката дејност. Намерата на Архиепископот Доситеј била да се образуваат богослови, кои нема само да се стекнат со знаење за духовното и богословското Предание на Црквата, туку и ќе живеат и ќе се развиваат во рамките на оваа традиција. Односно, новоформираното Богословско училиште имало за задача да ги научи своите ученици на правилен начин на живот, за да ги обликува во светли луѓе, способни да донесат добро на овој свет, совладувајќи ја духовната неписменост и моралната криза кои владееле во тогашното македонско општество.

За жал, веднаш по отворањето на училиштето, материјалните проблеми биле додадени на училишните. Репресијата била поттикната од несоодветните интернатски услови во манастирот „Св. Илија – Горни“ – с. Бањани, Скопско, па училиштето морало принудно да направи пауза во наставата. Тоа не го обесхрабрило Архиепископот. Тој упорно се трудел да изнајде решение. Резултатите од неговиот труд не можеле да не бидат забележани. Успеал за една недела да ја добие од надлежните власти Општинската зграда во Драчево, во која подоцна била преместена Богословијата. Во периодот на адаптација на зградата за духовно-образовни цели на богословите, Архиепископот Доситеј лично бил присутен, заложувајќи се работата да тече успешно[6]. Така, веќе наредната учебна година, Македонската православна богословија била преместена во Драчево, со подобри интернатски услови и таму се наоѓа сè до денес.

Архиепископот Доситеј и понатаму продолжил редовно да ги посетува богословите, грижејќи се за нивното духовно

---

[6] Според протојереј-ставрофор Стојан Јанковски, *цит. дело*, 54.

образование и воспитание. Ја користел секоја прилика за да им го покаже вистинскиот пат по кој треба да одат. Во една прилика, тој вака ги поучувал учениците: „За да се удостоите да бидете свештеници, потребно е да бидете достојни и достоинствени луѓе. Да се удостоите за оваа возвишена служба, значи да се очистите, да го елиминирате сето она што не му припаѓа на човекот, што не му припаѓа на вашиот и нашиот пример – свети Климент. Само така очистени ќе можете да одите меѓу народот и да ја проповедате Божјата наука“[7].

Првиот архијереј на Македонската Православна Црква секогаш се трудел да ги посвети своето пасторално внимание и грижата, и на оние кои го посветувале својот живот на духовното образување и воспитување на идното свештенство. Свесен дека одржувањето на оригиналноста и духовната автономија е условена од внимателна употреба на искуството на квалитетен наставен кадар, се заложил во Богословијата да предаваат наставници кои најмногу можат да придонесат за оваа одговорна задача. Богословското училиште и неговото научно и педагошко јадро се покажале способни да одговорат на овие задачи – да го истакнат она што е најважно во догматските, литургиските, мистичните, аскетските, канонските, мисиолошките и другите аспекти на Преданието, односно сето она што треба да го научи иден свештенослужител и да живее според тоа. И така, до ден-денес Македонската православна богословија е Црквата во минијатура. Уникатниот спој на поучување, служење и послушание, овозможува да се поминат сите скалила на духовниот развој и да се стекнат потребните вештини и знаења за идната пастирска служба која им претстои на богословите.

[7] Славе Пројковски, „Македонската Православна Црква на свечен начин го прослави 1060-годишниот јубилеј од блажениот покој на својот патрон и заштитник – свети Климент Охридски“, *Весник,* Службен лист на МПЦ, бр. 6, година XVIII, Скопје, ноември – декември 1976, 176–182.



Но, една од важните задачи на црковниот живот не е само основното теолошко образование, туку и последователното зголемување на неговото ниво. Во таа насока, Архиепископот Доситеј долги години се носел со идејата за основање на духовна високообразовна институција. Сепак, за вакво дело секогаш е потребно и време, и сериозност и услови. Таквите услови станале погодни десет години подоцна од основањето на Македонската православна богословија.

Уште во октомври 1974 година, Црковно-народниот собор одржан во Ставропигијалниот манастир „Рождество на Пресвета Богородица“ – с. Калишта, Струшко, во своите заклучоци порачал усилено да се работи за што побрзо отворање на висока просветна и богословско-научна институција, во која ќе се подготвуваат идните кандидати за најодговорните служби во Македонската Православна Црква. Била основана Матична комисија за формирање на Православниот богословски факултет. Во состав на Комисијата членувале универзитетски професори од Филозофско-историскиот факултет во Скопје, а со Комисијата претседавал Архиепископот Доситеј.

Кога завршиле подготовките, на денот на свети Климент, патронот на нашата Црква – 8 декември 1977 година, Архиепископот Доситеј, возобновителот на Охридската Архиепископија, објавил Указ за прогласување на Уредбата за основање Богословски факултет во Скопје. Веднаш по објавата на оваа благопријатна вест, се означил почетокот на работата на Факултетот[8]. Православниот богословски факултет во Скопје е основан како и сите други факултети и тоа не само според Уставот на Македонската Православна Црква, туку и според прописите и одредбите на Законот за високото школство на тогашната Социјалистичка Република Македо-

[8] Ацо Гиревски, *Монографија: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје 1977 – 2012*, Скопје: Православен богословски факултет „Св Климент Охридски“ – Скопје, 17.

нија. За жал, тогаш Факултетот не бил прифатен во состав на Универзитетот, туку бил регистриран под друг вид високошколски установи[9].

Архиепископот Доситеј изразил желба оваа високообразовна духовна институција на современата Македонска Православна Црква да биде достојна продолжителка на црковно-просветното дело на свети Климент Охридски. Обраќајќи се до првите студенти и до професорите на Факултетот, меѓу другото, рекол: „Му благодариме на Бога со сета душа, со сето срце и со сиот наш разум за неговата милост и благодатна помош во нашите повеќегодишни планирања и напори за отворање на високообразовна организација на Светиклиментовата Македонска православна црква. Желбите и сознанието за неопходноста за отворање на Богословски факултет ги носиме веќе подолго време... Уверени сме дека овој Факултет ќе им овозможи на нашите студенти подобро да ги проучат и усвојат црковно-народните традиции на нашата Светиклиментова Македонска православна црква... Уверени сме дека дипломираните студенти од оваа наша црковно-образовна институција ќе бидат повеќе свртени кон она што е специфично наше – и црковно и народно, и дека ќе овозможат православната богословска наука да го најде во полна мера своето место во сите полиња на црковното делување и усовршување.... Изразуваме надеж и увереност дека овој наш вреден духовен расадник ќе биде достоен продолжител на црковно-просветното дело на нашиот закрилник свети Климент. Светиот Дух нека ви биде ваш постојан раководител за да можеме и преку ова впрегнување достојно да Го прославуваме Господа и Бога“[10].

9 *Македонска Православна Црква – 15 години Православен богословски факултет Скопје 1977 – 1992*, уредници: Митрополит Повардарски г. Михаил, протојереј Ацо Гиревски и протоѓакон Ратомир Гроздановски, Скопје: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 1992, 6.

10 „Отворен Богословски факултет во Скопје“, *Весник*, Службен лист на Македонската Православна Црква, бр. 1, 1978, 8–9.



Оттогаш па наваму, Православниот богословски факултет во Скопје, посветен на патронот свети Климент Охридски, непречено работи. Речиси половина век Светиот архијерејски синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, му ја доверува работата во областа на духовно-просветната дејност и во него гледа упориште на православните сили на епархиите, како во нашата татковина, така и во странство.

Во 2008 година Факултетот се здоби со државна акредитација и стана придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Професорите, кои своите духовно образование го имаат надградено на познати универзитети и богословски факултети во странство, одговорно работат и придонесуваат за нашата Света Црква и за нашата држава преку наобразба на студентите, но и преку научни достигнувања. Младите кадри кои се стекнуваат со диплома на оваа највисока образовно-духовна институција при Македонската Православна Црква, излегуваат во светот со општа култура и солидно образование од областа на православната теологија; со полно сознавање на корените на нашата библиска и литургиска традиција, која ја донел светиот апостол Павле, а ја утврдиле светите Кирил и Методиј, Климент и Наум. Дипломираните студенти теологијата не ја имаат само како професија, туку и како животна определба, бидејќи своето знаење го збогатуваат со живиот опит на облагодатената вера. На Факултетот имаат дипломирано неколку архијереи, многу монаси и свештеници, ѓакони и професори, кои неуморно работат за напредок на Македонската Православна Црква.

Мисијата на Архиепископот Доситеј, во поглед на духовното образование и воспитание, не завршува со неговите за-

ложби за основање на духовно-просветните институции на Македонската Православна Црква. Тој, со жив и пишан збор ја будел верата кај народот. Како мудар духовник ги водел верните кон остварување на вечните вредности. Неговите проповеди се исполнети со татковска љубов и непосредност. Преку своите беседи постојано ги поучувал верниците и свештенството, апелирајќи до нив со голема љубов да ја пазат својата прадедовска православна вера и својот национален бит. Делувал меѓу верниот народ како вистински архипастир кој ја сака својата паства, како родителите што ги сакаат своите деца. Неговите зборови: „Јас во вас гледам свои деца и јас сум сега богат со голема духовна фамилија“[11], длабоко одекнувале во душите и срцата на верниците и свештенството и биле примени со неизмерна радост.

Во неговите проповеди и беседи секогаш бил присутен духот на свети Климент Охридски. Во нив се проткајуваат возвишените евангелски пораки за одликите кои треба да ги поседуваат христијаните: љубов кон сите луѓе, градење и негување на мирот, зачувување на сите придобивки, а истовремено спротивставување на сите негативности кои го притискаат современиот свет, за правилното празнување на празниците, за достојното однесување во Божјиот храм, за добродетелите, за праведноста, за мирот, за спасението, но најмногу од сé, тој љубел да ги поучува христијаните на родољубивост – неизмерно да ја сакаат нашата татковина.

Од верниците барал да дадат сé од себе за понатамошен процут на татковината, велејќи им: „Нашата Црква ве моли со својот патриотизам да бидете уште поприлежни трудбеници во изградбата и напредокот на нашата татковина, а со

[11] Протојереј-ставрофор Нестор Поповски, „Дејноста на Неговото Блаженство Архиепископ Охридски и Скопски и прв Митрополит Македонски г. г. Доситеј сред православниот македонски народ и неговото свештенство“, *Гласник*, Службен весник на Македонската Православна Црква, бр. 2, 1959, 2.



својата верност и преданост да го продолжите угледот за преуспевањето на Христовата црква, врз која да цутат помеѓу вас убавите наши прадедовски обичаи, светите празници и високиот морал. За ваше евангелско добро, катадневно грижете се и со искрени молитви Господ да ги облагороди нашите срца и оплемени нашите души за да го оствруваме мирот Божји“[12]. Го поучувал македонскиот народ да ги негува: битот, името, јазикот, верата и обичаите, како нешто што ни е најсвето и најскапоцено[13], и сметал дека „сите сме повикани и должни како чесни граѓани да ги пазиме интересите на нашата држава и Црква, како и да работиме за престиж и напредок на татковината“[14].

Архиепископот Доситеј поучувал и со својот живот им давал личен пример на верните. На идните генерации им е потребен пример врз кој во иднина ќе градат здрав, светол и чист живот и ќе творат трајни вредности, сметал Архиепископот Доситеј[15]. За да бидеме, пак, вистински пример за идната младина, ние треба да останеме верни и достојни чеда на свети Климент Охридски и цврсти во исполнувањето на православната вера. Да не ги следиме лошите примери и совети, туку срцата да ни станат Божји светилишта, полни со чисти и благородни чувства кои ќе бидат за радост на нашите родители, за напредок на татковина и за среќа и радост на сите нас. Во тој контекст, Архиепископот Доситеј барал од верниците да живеат и да работат како вистински Христо-

[12] Божикно послание на Архиепископот Доситеј, *Весник*, Службен лист на МПЦ, бр. 5 и 6, година II, Скопје, септември – декември 1960, 115–116.

[13] Според: Велигденско послание на Архиепископот Доситеј, *Весник*, Службен лист на МПЦ, бр. 2, година XVI, Скопје, март – април 1974, 34–35.

[14] Свечен говор на Архиепископот Доситеј по повод патрониот празник на Македонската Православна Црква – Свети Климент Охридски, *Весник*, Службен лист на МПЦ, бр. 5 и 6, година II, Скопје, септември – декември 1960, 119–120.

[15] Според: Велигденско послание на Архиепископот Доситеј, *Весник*, Службен лист на МПЦ, бр. 2, година XVI, Скопје, март – април 1974, 34 и 35.

ви чеда; да бидат добри последователи на македонските црковно-народни великани; да бидат добри родители и добри синови, добри соседи, работници и раководители во своите работни заедници и да ги сакаат ближните, не заборавајќи дека сите луѓе се наши ближни[16].

Од сето наведено, може да се заклучи дека Архиепископот Доситеј достојно го продолжил црковно-просветителското дело на свети Климент Охридски – родоначалникот на нашата духовна просвета. Духовно-образовните институции при Македонската Православна Црква, кои се основани по негова иницијатива, останаа да бидат столбови на вистината, светлина на чистата вера и на духовното просветлување на македонскиот народ. Тие имаат континуиран авторитет, налик на Светиклиментовиот духовно-просветен центар.

Црковната и патриотската нишка, кои биле вткаени во срцето и во душата на Архиепископот Доситеј, придонеле за неговите благоугодни подвизи. Во нив секогаш бил присутен духот на свети Климент. Македонскиот верен народ постојано ја чувствувал неговата верност и неговата предаденост и кон светите традиции на словенските просветители светите браќа Кирил и Методиј и на плејадата македонски светии. Поради тоа, секое негово дело било пречекувано од страна на народот со неизмерна радост и љубов, ценејќи ја неговата црковна и родољубива пожртвуваност.

Поучната содржина на неговите проповеди има големо духовно и воспитно значење не само за верниците во тоа време, на кои тој директно им се обраќал, туку и за верниците денес. Со тоа помогнал да се зацврсти православната вера во душите на православните Македонци и да се зајакне црковниот, патриотскиот, благородниот, мироубивиот и христијанскиот дух на македонскиот народ.

16 Според: Велигденско послание на Архиепископот Доситеј, *Весник*, Службен лист на МПЦ, бр. 2, година XXI, Скопје, март – април 1979, 34–35.



Како достоен наследник и продолжител на основоположниците на Македонската Православна Црква и на духовната писменост, предводен од желбата целосно да Му се посвети на Бога и на својот народ, Архиепископот Доситеј делувал во лозјето Господово со такви богоугодни и општонародни дела, кои ќе послужат за пример на идните поколенија. За нас е многу важно да го зачуваме неговиот спомен, бидејќи ни го пренесе своето знаење, ни покажа како се сакаат Црквата и татковината, оставајќи ни аманет и ние да негуваме таков дух. Нам ни останува да се огледаме на неговиот светол пример. Неговото богоугодно дело нека биде секогаш наш поттик и мотив да го негуваме и да го умножиме тоа што го создал во полето на духовно-просветната дејност.



Архиепископот Доситеј и Митрополитот Кирил за време на одбележувањето на патрониот празник Свети Климент Охридски во свечената сала во Македонската Архиепископија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски" – Скопје

081 Доситеј, Архиепископ Охридски и Македонски
ДОСИТЕЈ, Архиепископ

*Таков архијереј ни требаше* / [главен и одговорен уредник: Архиепископ Охридски и Македонски Стефан]. – Скопје: Свет архијерејски синод на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, 2024 (Скопје: Бранко Гапо), – (274 стр.):
фотографии 24 см.

Фусноти кон текстот.

ISBN 978-9989-841-26-2

а) Доситеј, Архиепископ Охридски и Македонски, 1906 – 1981 – Зборници

COBISS.MK-ID 65023749